## 16. Грми грми дош не врне

Горобинци, Св.Николски крај




- Зашто, боже, дош’ не врне?
- Од Јанини неправдини!
Јана брата заљубила!
Љубиле се три години,
добиле са мушко дете,
мушко дете нишанлија,
ем без рука, ем без нога,
ем без десно црно око!
Пронеле го да га крстат,
пронеле го преко гора,
гората се исушила,
пронеле го преко вода,
водата е пресекнала,
однеле го пред црквата,
црквата се затворила,
поповето онемеле,
ѓаците са ослепеле,
сал остана стар јогумен!
Проговара стар јогумен:
- Та да не сте нешто рода?
- Ние не смо нешто рода,
ние смо си брат и сестра!
Црквата се отворила,
поповето прозбориле,
ѓаците са прогледале!

АИФ м.л. 1557, с. Горобинци, Светиниколско; пеат Стојка и Милица Коцеви; снимил и дешифрирал Веселин Додевски (1970); мелографирала Родна Величковска; се пее преку ден.